- ЈАВНА УСТАНОВА ДОМ ЗА ДОЕНЧИЊА И МАЛИ ДЕЦА-БИТОЛА -

Архивски број: 04-186/23

Датум : 07.08.2025

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 8 од Статутот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола и член 212 став 10 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), а во врска со Интерниот оглас бр. 01/2025, В.Д. Директорот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола ја донесе следната:

О Д Л У К А

за избор на кандидати за работните места број 1, 2 и 3 по Интерниот оглас број 01/2025 за унапредување на три даватели на јавни услуги

1.Во врска со Интерниот оглас број 01/2025 за унапредување на три даватели на јавни услуги објавен на 29.07.2025 година, а според Записникот од спроведената административна селекција и спроведено интервју бр.04-186/15 од 07.08.2025 година и ранг-листи за работните места бр.1,2 и 3 по Интерниот оглас број 01/2025 број 04-186/20 од 07.08.2025 година, бр.04-186/21 од 07.08.2025 година и бр.04-186/22 од 07.08.2025 година од Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение 04-186/11 од 07.08.2025 година, се **ИЗБИРААТ:**

- за работното место број 1: **Дипломиран социјален работник**, звање на работно место **Самостоен стручен службеник во УСЗ- дипломиран социјален работник,** шифра на работно место СО30303А04009, кандидатот **Виолета Масалковска**;

-за работното место број 2: **Психолог**, звање на работно место **Самостоен стручен службеник во УСЗ – психолог**, шифра на работно место СО30303А04010, кандидатот **Евтимија Ивановска**;

-за работното место број 3: **Дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор**, звање на работно место **Самостоен стручен службеник во УСЗ-дефектолог,** шифра на работно место СО30303А04013, кандидатот **Елена Петреска-Талевска**.

2.По конечноста на Одлуката за избор ќе се донесат решенија за унапредување на давател на јавна услуга.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

По добиеното известување за обезбедени финансиски средства број 19-7466/2 од 17.07.2025 година на Министерството за финансии за унапредување, В.Д. Директорот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола донесе Одлука за потреба од вработување на 3 (три) даватели на јавни услуги за пополнување на слободни работни

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола
Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

места во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола по пат на објавување на интерен оглас бр.04-186/4 од 29.07.2025 година.

На ден 29.07.2025 година објавен е Интерен оглас бр.01/2025 за унапредување на 3(три) даватели на јавни услуги во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола на огласна табла и на веб страницата на Установата и траеше три работни дена од денот на неговото објавување.

Со Решение број 04-186/11 од 07.08.2025 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување за спроведување на постапката за унапредување по објавениот оглас која се состои од две фази:
-административна селекција која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување и приложените докази во пријавата и
-интервју со кандидатите за вработување.

Во Записникот од спроведената административна селекција и спроведено интервју бр.04-186/15 од 07.08.2025 година утврдено е дека се пристигнати по една пријава за унапредување за секое работно место од огласот и тоа од гореименуваните кои ги исполнуваат општите и посебните услови од Интерниот оглас и истите се поканети на интервју на ден 07.08.2025 година. По завршувањето на интервјуто, Комисијата состави Записник од спроведената административна селекција и спроведено интервју бр.04-186/15 од 07.08.2025 година и Ранг-листи на кандидати за работните места бр.1,2 и 3 бр.04-186/20 од 07.08.2025 година, бр.04-186/21 од 07.08.2025 година и бр.04-186/22 од 07.08.2025 година и истите ги достави до В.Д. Директорот, да изврши избор.

Согласно Записникот од спроведената административна селекција и спроведено интервју бр.04-186/15 од 07.08.2025 година и Ранг-листи на кандидати за работните места бр.1,2 и 3 бр.04-186/20 од 07.08.2025 година, бр.04-186/21 од 07.08.2025 година и бр.04-186/22 од 07.08.2025 година од Комисијата за селекција за вработување, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

На горенаведените кандидати ќе се донесат решенија за унапредување на давател на јавна услуга по конечноста на Одлуката за избор.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатите можат да изјават жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на истата.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца- Битола
В.Д. Директор
Биљана Анастасова